Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 24.04.2021

На 23.04.2021 во 13.30 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Е.Ж.(43) од Скопје, затоа што при преглед кај него биле пронајдени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање наслучајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.04.2021 во 13.00 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.(18) од Скопје, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.04.2021 во засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, само на територијата на град Скопје изречени се вкупно 143 мерки, меѓу кои за непочитување на брзината на движење 15 санкции, девет за возење без возачка дозвола, две санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила. Изречени се 37 санкции за прекршоци кои ги прават пешаците, осум за користење мобилен телефон и 51 санкција за непрописно паркирани возила.

На 23.04.2021 во 11.40 часот, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода М.Б.(72) од Кичево. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени еден револвер непозната марка и 14 куршуми калибар 7,62мм. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 396 од Кривичниот законик.

На 23.04.2021 во 04.30 часот полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Б.А.(47) од Велес. Тој бил затекнат при извршување тешка кражба во патничко возило. Украдените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. Б.А. се сомничи дека и претходно сторил повеќе тешки кражби во патнички возила, а досега се расчистени шест од нив. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе бидат поднесени пријави по член 236 и член 206 од Кривичниот законик.

На 23.04.2021 во 11.00 часот во Полициската станица Аеродром, Б.У.(46) од Скопје пријавила дека на бул.„Кузман Јосифовски Питу" била касната од куче скитник.

На 23.04.2021 во 15.40 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул.„Јоска Јорданоски", патничко возило „мицубуши колт", со прилепски регистарски ознаки, управувано од П.Н.(60) од Прилеп, удрило во патничко возило „фолксваген голф", со прилепски регистарски ознаки, управувано од Г.Ш. од Прилеп. Во незгодата кај двете возила била причинета материјална штета, а од екипа на Итна медицинска помош била констатирана природна смрт кај возачот П.Н., кој според пријавеното имал здравствени проблеми. Увид на местото извршиле екипа од ОВР Прилеп и Јавен обвинител и, по чија наредба телото на починатиот било предадено на семејството.

На 23.04.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Карпош, С.Ј.(67) од Скопје пријавил дека на ул.„Ацо Шопов" бил каснат од куче скитник.

На 23.04.2021 во 19.30 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода З.Т.(38) од Прилеп, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.04.2021 во 18.15 часот во с.Горно Седларце, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Д.С.(20) од истото село, затоа што при преглед во возилото „фолксваген голф", што тој го управувал, биле пронајдени марихуана и ризли. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.04.2021 во 08.40 часот на магистралниот пат Куманово – Крива Паланка, полициски службеници го лишиле од слобода С.Д.(30) од с.Гајранци, пробиштипско, по распишана централна потрага од Секторот за меѓународна полициска соработка – Оддел потраги, поради сомнение дека е сторител на кривично дело по член 238 од Кривичниот законик – „разбојничка кражба". Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Пробиштип за понатамошна постапка.

На 24.04.2021 околу 00.10 часот, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Н.Д.(35) и К.А.(27), двајцата од Куманово, поради сомнение за сторено кривично дело „кражба" во продажен објект. При нивен личен преглед и при претрес во домот на Н.Д., извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пари и разни предмети кои потекнуваат од кривичното дело. Предметите и парите биле вратени на сопственикот. Лицата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.04.2021 во 17.10 часот во Полициската станица Дебар бил приведен Ф.Б.(57) од општина Липково. При извршена контрола, полициските службеници констатирале дека тој управувал патничко возило со фалсификувана возачка дозвола. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.04.2021 во 18:45 часот во Полициската станица Чаир, С.М.(25) од Скопје пријавил дека на ул.„Александар Урдаревски" бил каснат од куче скитник.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Р.Р.(60) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 17.06.2020, полициски службеници извршиле претрес во просториите кои ги користи пријавениот на ул.„Тетовска", при што пронашле и одзеле марихуана и семки од растението канабис.

На 24.04.2021 во 00.35 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Мирче Ацев" во Штип бил пронајден починат Д.Н.(75) од Пробиштип. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а по преземени мерки било утврдено дека починатиот бил хоспитализиран во Модуларната болница во Штип како ковид-19 позитивен пациент. Се работи на расчистување на околностите под кои ја напуштил болницата. Увид извршила екипа од СВР Штип, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција.

СВР Штип и СВР Тетово поднесоа кривични пријави против К.А.(25) од с.Конче, радовишко, Х.К.(24) и П.К.(24) од Радовиш, В.В.(26) од с.Злетово, пробиштипско, И.Б.(45) и М.П.(27) од Пробиштип, В.Н.(58) од Берово, Б.Д.(61) од Кочани, Л.И.(32) од с.Нераште, тетовско, Џ.Е.(30) од Р.Турција со привремен престој во Гостивар, Е.Љ.(21) и И.А.(54), двајцата од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 19.03. до 14.04.2021 се движеле без дозвола за движење за време на забрана за движење од 20.00 (22.00) до 05.00 часот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.С.(37), Н.Н.(33), Ѓ.П.А.(37), С.Г.(28), М.С.(29), Н.В.(30), Ј.П.(30), Б.Б.(38), М.Т.(28), сите од Битола и К.А.(27) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 21.02.2021 во 01.30 часот во Битола, пријавените биле затекнати од страна на полициски службеници од СВР Битола во затворен простор, во група, без маски, со што постапиле спротивно на Одлуката на Владата за превентивни препораки, времени мерки, наредни мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за заштита на здравјето на населението од заразната болест ковид-19.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Н.М.(23) од с.Спанчево, кочанско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 26.03.2021 полициски службеници од ОВР Кочани не го затекнале пријавениот во својот дом во с.Спанчево и покрај тоа што имал Решение за лекување и изолација во домашни услови.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет